**20240641456**

# СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Врз основа на членот 75, ставови 1 и 2 од Уставот на Република Северна Македонија, претседателот на Република Северна Македонија и претседателот на Собранието на Република Северна Македонија издаваат

## У К А З
## ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА УПРАВУВАЊЕ СО КОНФИСКУВАН ИМОТ, ИМОТНА КОРИСТ И ОДЗЕМЕНИ ПРЕДМЕТИ ВО КРИВИЧНА И ПРЕКРШОЧНА ПОСТАПКА(*)

Се прогласува Законот за управување со конфискуван имот, имотна корист и одземени предмети во кривична и прекршочна постапка(*),

што Собранието на Република Северна Македонија го донесе на седницата одржана на 13 март 2024 година.

Бр. 08-1944/1
13 март 2024 година
Скопје

Претседател на Република
Северна Македонија,
**Стево Пендаровски,** с.р.

Претседател
на Собранието на Република
Северна Македонија,
**Јован Митрески,** с.р.

## ЗАКОН ЗА УПРАВУВАЊЕ СО КОНФИСКУВАН ИМОТ, ИМОТНА КОРИСТ И ОДЗЕМЕНИ ПРЕДМЕТИ ВО КРИВИЧНА И ПРЕКРШОЧНА ПОСТАПКА (*)

I. ОСНОВНИ ОДРЕДБИ

**Општа одредба**

Член 1

Со овој закон се уредува постапката за управување со привремено одземениот имот и привремено одземените предмети и конфискуваниот имот и имотна корист како принос од кривично дело и одземените предмети во кривичната и прекршочната постапка, со трајно одземените предмети во управна постапка, како и основањето, надлежноста, управувањето, раководењето и други прашања поврзани со работата на Агенцијата за управување со одземен имот (во натамошниот текст: Агенцијата).

* Со овој закон се врши усогласување со Директивата 2014/42/ЕУ на Европскиот парламент и Европскиот совет од 3 април 2014 за замрзнување и конфискација на предмети и приноси од казниво дело во Европската унија CELEX број 32014L0042

**Значење на изразите во овој закон**

Член 2

Одделни изрази употребени во овој закон го имаат следново значење:

1. **„Одземен имот"** е привремено одземениот имот и привремено одземените предмети и конфискуваниот имот и имотната корист како принос од кривично дело и одземените предмети со правосилна одлука во кривична и прекршочна постапка, како и трајно одземените предмети во управна постапка.

2. „**Привремено одземен имот и привремено одземени предмети“** се предметите што според Кривичниот законик треба да се одземат или што можат да послужат како доказ во кривичната постапка за чија конечна конфискација односно одземање не е донесена правосилна одлука.

3. **„Конфискуван имот и имотна корист како принос од кривично дело и одземени предмети”** се подразбираат наведениот имот и имотната корист како принос од кривично дело и предмети конфискувани или одземени со правосилна одлука.

4. **„Имот“** е пари или други инструменти за плаќање, хартии од вредност, депозити, друга сопственост од секаков вид и тоа материјална или нематеријална, движна или недвижна, други права врз предметите, побарувања, како и јавни исправи и легални документи за сопственост и актива во пишан или во електронски облик или инструменти со кои се докажува правото на сопственост или интерес во таквиот имот.

5. **„Замрзнување“** е запирање од извршувањето на одредена финансиска трансакција или друга финансиска активност преку банкарска сметка како и забрана за располагање со пари на банкарска сметка.

6**. „Заплена“** е обезбедување на имот со мерки што се состојат во привремено ограничување на можноста за негово користење, отуѓување или располагање, како и одземање на списи, писма, телеграми, исправи и технички снимки.

7. **„Конфискација“** е трајно одземање на имот, посредна и непосредна имотна корист од физичко или од правно лице, при што имотната корист опфаќа пари, движни или недвижни предмети од вредност, како и секоја друга сопственост, имот или актива, материјални или нематеријални права, како и друг имот што одговара на вредноста на прибавената имотна корист.

**Начела на Законот**

Член 3

При постапувањето и управувањето со привремено одземениот имот и привремено одземените предмети и конфискуваниот имот и имотната корист како принос од кривично дело и одземените предмети со правосилна одлука во кривична и прекршочна постапка, како и трајно одземените предмети во управна постапка се постапува согласно со начелата на законитост, економичност, ефикасност, транспарентност, постапување со внимание на добар домаќин, одговорност, стручност, професионалност и ажурност.

**Класифицирани информации**

Член 4

Информациите до кои во текот на вршењето на должноста ќе дојдат вработените во Агенцијата претставуваат класифицирани информации со соодветен степен на тајност, согласно со прописите за класифицирани информации.

## II. АГЕНЦИЈА ЗА УПРАВУВАЊЕ СО ОДЗЕМЕН ИМОТ

### Статус на Агенцијата

Член 5

Агенцијата има својство на правно лице со права, обврски и одговорности утврдени со овој закон.

Агенцијата има Статут.

Седиштето на Агенцијата е во Скопје.

За својата работа Агенцијата одговара пред Владата на Република Северна Македонија.

### Статус на вработените во Агенцијата

Член 6

Вработените во Агенцијата имаат статус на административни службеници и за прашањата кои се однесуваат на работниот однос се применуваат одредбите од овој закон, Законот за административни службеници, Законот за вработените во јавниот сектор, општите прописи за работните односи и колективните договори.

Вработените во Агенцијата кои вршат помошни и технички работи немаат статус на административни службеници и за прашањата кои се однесуваат на работниот однос се применуваат Законот за вработени во јавниот сектор, општите прописи за работни односи и колективни договори.

### Делокруг на работа на Агенцијата

Член 7

Агенцијата ги врши следниве работи:

- управува со конфискуваниот имот и имотната корист како принос од казнено дело и одземените предмети,
- со согласност на судот управува со привремено одземениот имот и имотна корист и привремено одземените предмети во кривична постапка, освен одземената дрвна маса согласно со закон со цел да се заштити вредноста на имотот согласно со овој закон,
- управува со привремено одземениот имот и имотна корист и одземените предмети во прекршочна постапка, освен одземената дрвна маса согласно со закон, со цел да се заштити вредноста на имотот согласно со овој закон,
- управува со трајно одземени предмети во прекршочна и управна постапка согласно со закон, освен предметите одземени во даночна постапка,
- ја спроведува постапката за извршување на конфискацијата на имот и имотната корист како принос од казнено дело,
- управува со привремено одземениот имот и имотна корист и привремено одзмените предмети или со конфискуваниот имот и имотна корист како принос од казнено дело и одземените предмети кои произлегуваат од кривични дела, или имот чие располагагање е ограничено со одлука на ООН и други меѓународни организации на кои е членка Република Северна Македонија,
- соработува со домашни и странски канцеларии за поврат на имот, како и странски и други меѓународни организации согласно со закон,
- води регистар за привремено одземен имот и привремено одземените предмети и трајно одземените предмети и конфискуван имот,
- го чува и го складира одземениот имот,

- врши процена на одземениот имот,
- го дава во закуп конфискуваниот имот,
- води евиденција на целокупниот одземен имот,
- го продава одземениот имот,
- изготвува статистички, финансиски и други извештаи за одземениот имот,
- планира, организира и спроведува обука за вработените во Агенцијата и другите субјекти вклучени во постапувањето со одземениот имот,
- дава мислења во врска со примената на овој закон и
- врши други работи утврдени со закон.

Управниот одбор на Агенцијата со подзаконски акт го пропишува начинот на водење евиденција на податоци за одземениот имот.

За прашањата коишто не се уредени со овој закон, се применува Законот за општа управна постапка.

**Донесување планови за работа**

Член 8

Најдоцна до 1 септември во тековната година Управниот одбор на Агенцијата усвојува план за работа и ревидиран финансиски план на Агенцијата за наредната година.

**Едукација и тренинг на вработените**

Член 9

Вработените во Агенцијата имаат право и обврска на едукација и тренинг за постапувањето со привремено одземениот имот и привремено одземените предмети и конфискуваниот имот и имотна корист како принос од кривично дело, како и за одземениот имот и одземените предмети, во согласност со годишната програма и со годишниот план, донесен од страна на директорот на Агенцијата.

**Службена легитимација**

Член 10

Вработените во Агенцијата имаат службена легитимација, која ја издава и ја одзема директорот на Агенцијата.

Легитимацијата од ставот 1 на овој член се издава на македонски јазик и неговото кирилско писмо, а доколку лицето на кое му се издава легитимацијата зборува јазик кој го зборуваат најмалку 20% од граѓаните во Република Северна Македонија, истата му се издава на македонски јазик и неговото кирилско писмо и на јазикот кој го зборува и неговото писмо.

Формата и содржината на образецот на службената легитимација, начинот на нејзиното издавање и одземање, со подзаконски акт го пропишува Управниот одбор на Агенцијата.

**Поднесување извештај за работа**

Член 11

Агенцијата за својата работа изготвува годишен извештај и ревидиран финансиски извештај.

Извештаите од ставот 1 на овој член ги усвојува Управниот одбор, кои се поднесуваат за информирање до Владата на Република Северна Македонија најдоцна до 31 мај наредната година.

Извештаите од ставот 1 на овој член содржат податоци за работата на Агенцијата и податоци за користење, управување и располагање со конфискуваниот имот, имотната корист и одземените предмети.

**Доставување извештаи до судовите и до Јавното обвинителство**

Член 12

Агенцијата по службена должност доставува квартални извештаи на надлежниот суд и на Јавното обвинителство за постапувањето со конкретен предмет за привремено конфискуван имот, имотна корист и привремено одземени предмети или на друг надлежен орган кој во прекршочна постапка во конкретен предмет привремено го конфискувал имотот, имотната корист и привремено одземените предмети.

По исклучок од ставот 1 на овој член, на барање на надлежниот орган, Агенцијата му доставува извештај за постапувањето со конректниот предмет во рок од три дена, а најдоцна во рок од седум дена.

## III. ОРГАНИ НА УПРАВУВАЊЕ И РАКОВОДЕЊЕ СО АГЕНЦИЈАТА

**Органи на Агенцијата**

Член 13

Органи на Агенцијата се: Управниот одбор и директорот.

**Состав, именување и определување на членовите на Управниот одбор**

Член 14

Управниот одбор е составен од седум члена со мандат од пет години, без право на повторен избор.

Владата на Република Северна Македонија именува четири члена на Управниот одбор, и тоа:

- еден член на предлог од министерот за правда, од редот на административните службеници со најмалку пет години работно искуство во Министерството за правда,
- еден член на предлог од министерот за финансии, од редот на административните службеници со најмалку пет години работно искуство во Министерството за финансии,
- еден член на предлог од министерот за внатрешни работи, од редот на административните службеници со најмалку пет години работно искуство во Министерството за внатрешни работи и
- еден член на предлог од директорот на Царинската управа на Република Северна Македонија, од редот на царинските службеници со најмалку пет години работно искуство во Царинската управа.

Именувањето на членовите на Управниот одбор од ставот 2 на овој член се врши врз основа на предлозите од органите, доставени 60 дена пред истекот на мандатот на постојниот член на Управниот одбор преку Агенцијата до Владата на Република Северна Македонија. Агенцијата ја доставува листата со номинации најдоцна во рок од три дена од денот на приемот на номинираните лица. Доколку Владата не ги именува предложените лица, органите од ставот 2 на овој член во рок од 30 дена преку Агенцијата доставуваат нови предлози до Владата на Република Северна Македонија.

Судскиот совет на Република Северна Македонија, со мнозинство гласови, определува еден судија од судовите во Република Северна Македонија за член во Управниот одбор.

Советот на јавните обвинители на Република Северна Македонија, со мнозинство гласови, определува еден јавен обвинител од јавните обвинителства во Република Северна Македонија за член во Управниот одбор.

Државниот правобранител на Република Северна Македонија, со мнозинство гласови, определува еден државен правобранител од државните правобранителства во Република Северна Македонија за член во Управниот одбор.

Претседателот на Управниот одбор се избира од редот на членовите на Управниот одбор.

**Престанок и разрешување на претседателот и на членовите на Управниот одбор**

Член 15

На членовите и на претседателот на Управниот одбор, кои се именувани од Владата на Република Северна Македонија, престанок на мандатот констатира Владата на Република Северна Македонија од следниве причини:

- на негово барање,
- поради смрт или ако е спречен во извршувањето на обврските подолго од шест месеци поради болест,
- ако му престане функцијата во органот каде што ја извршува функцијата или ако му престане работниот однос каде има засновано работен однос.

За членовите и претседателот на Управниот одбор определени од Судскиот совет на Република Северна Македонија, односно Советот на јавните обвинители на Република Северна Македонија и од Државниот правобранител на Република Северна Македонија од причините наведени во ставот 1 на овој член, престанок на мандатот констатира државниот орган кој ги определил.

Владата на Република Северна Македонија на предлог од Управниот одбор го разрешува членот или претседателот на Управниот одбор именувани од Владата на Република Северна Македонија пред истекот на мандатот, поради:

- нестручно и несовесно вршење на работите во Управниот одбор,
- дејствува спротивно на основните цели на законот што може да се утврди од извештајот на ревизорот за степенот на постигнување на законските надлежности на Агенцијата,
- ако со правосилна одлука му е изречена мерка забрана за вршење професија, дејност или должност,
- ако со правосилна судска одлука е осуден на казна затвор во траење над шест месеци,
- поради нестручно, непрофесионално и несовесно извршување на функцијата претседател или член на Управниот одбор на полето на материјалното и финансиското работење, констатирано во извештајот на ревизорот и
- ако се утврди дека постапил спротивно на одредбите од прописите од областа на спречувањето на корупцијата и судирот на интереси, во постапка согласно со закон.

На предлог од Управниот одбор, поради причините од ставот 3 на овој член, Судскиот совет на Република Северна Македонија, односно Советот на јавните обвинители на Република Северна Македонија, односно Државниот правобранител на Република Северна Македонија пред истекот на мандатот го разрешува членот или претседателот на Управниот одбор определен од нивна страна.

Органот кој го определил или номинирал членот кој е разрешен или чиј мандат престанал, номинира или определува нов член во рок од 30 дена од денот на донесување на одлуката за разрешување, односно престанок на мандатот. Мандатот на новоназначениот член трае до истекот на мандатот на членот кој се заменува.

**Надлежност и начин на работата на Управниот одбор на Агенцијата**

Член 16

Управниот одбор на Агенцијата ги врши следниве работи:

- донесува Статут на Агенцијата на кој согласност дава Владата на Република Северна Македонија,
- донесува деловник за работа,
- усвојува годишен план и ревидиран финансиски план на Агенцијата,
- усвојува годишен извештај и ревидиран финансиски извештај,
- донесува одлука за продажба, отстапување и закуп на сите одземени предмети и други одлуки кои се однесуваат на конфискуваниот имот и работењето на Агенцијата,
- пропишува подзаконски прописи за спроведување на овој закон и
- врши други работи утврдени со овој закон и со Статутот на Агенцијата.

Управниот одбор работи и одлучува на седници. Управниот одбор одржува седница ако се присутни повеќе од половината од вкупниот број членови на Управниот одбор. За секоја седница се води записник, кој го потпишуваат претседавачот на седницата и записничарот. Седницата може да се води и сними и аудиовизуелно.

Управниот одбор донесува одлуки со мнозинство гласови од вкупниот број членови на Управниот одбор.

**Директор на Агенцијата**

Член 17

Со Агенцијата раководи директор.

Директорот на Агенцијата го именува и го разрешува Владата на Република Северна Македонија.

За именување на директор на Агенцијата се објавува јавен оглас во најмалку три дневни весници, од кои во еден од весниците што се издаваат на јазикот што го зборуваат најмалку 20% од граѓаните кои зборуваат службен јазик различен од македонскиот јазик кои се издаваат на целата територија на Република Северна Македонија.

Пријавата за огласот од ставот (3) на овој член со доказите за исполнување на условите од членот 18, во форма на електронски документи можат да се достават преку квалификувана електронска препорачана достава на електронската адреса наведена во огласот, согласно со прописите од областа на електронските документи, електронската идентификација и доверливите услуги.

**Именување на директор**

Член 18

За директор на Агенцијата може да биде именувано лице кое ги исполнува следниве услови:

1) да е државјанин на Република Северна Македонија;

2) во моментот на именувањето со правосилна судска пресуда да не му е изречена казна или прекршочна санкција забрана за вршење на професија, дејност или должност;

3) да има стекнати најмалку 240 кредити според ЕКТС или завршен VII/1 степен;

4) да има минимум пет години работно искуство од областа на правото или економијата;

5) да поседува еден од следниве меѓународно признати сертификати или уверенија за активно познавање на англискиот јазик, не постар од пет години:

-ТОЕФЕЛ ИБТ - најмалку 74 бода,

- ИЕЛТС (IELTS) - најмалку 6 бода,

- ИЛЕЦ (ILEC)  (Cambridge English: Legal) - најмалку Б2 (B2) ниво,

- ФЦЕ (FCE)  (Cambridge English: First) - положен,

- БУЛАТС (BULATS) - најмалку 60 бода или

- АПТИС (APTIS) - најмалку ниво Б2 (B2)

6) поседува сертификат за познавање на компјутерски програми за канцелариско работење.

**Мандат на директорот**

Член 19

Директорот има мандат кој трае пет години.

**Престанок на мандатот и разрешување на директорот**

Член 20

На директорот на Агенцијата му престанува мандатот пред истекот:

- на негово барање,

- поради смрт или болест која го спречува во извршувањето на обврските и

- ако ги исполнува условите за пензионирање.

Директорот на Агенцијата се разрешува пред истекот на мандатот:

- ако со својата несовесна и неправилна работа предизвика нарушување во вршењето на работите на Агенцијата и причини штета утврдена во постапка согласно со закон,

- ако не работи и не постапува согласно со закон, Статутот и со актите на Агенцијата или неоправдано не ги спроведува одлуките на Управниот одбор или постапува спротивно на нив,

- кога му е изречена санкција забрана за вршење на професија, дејност или должност,

- ако со правосилна судска одлука е осуден на казна затвор во траење над шест месеци,

- ако не достави извештај согласно со членот 15 од овој закон, односно ако и по истекот на рокот определен во истиот став не ги отстрани недостатоците и/или во тој рок повторно има недостатоци и/или загуби во финансиското работење и

- ако се утврди дека постапил спротивно на одредбите од прописите од областа на спречувањето на корупцијата и судирот на интереси, во постапка согласно со закон.

**Работи што ги врши директорот**

Член 21

Директорот на Агенцијата ги врши следниве работи:

- ја претставува и ја застапува Агенцијата,

- ја организира работата и раководи со стручните служби на Агенцијата,

- ги извршува одлуките на Управниот одбор,

- изготвува и му предлага на Управниот одбор годишен план и ревидиран финансиски план,

- изготвува и му предлага на Управниот одбор годишен извештај и ревидиран финансиски извештај,
- изготвува и предлага на Управниот одбор подзаконски прописи за спроведување на овој закон,
- ги донесува актите за организација и систематизација на работните места на Агенцијата,
- се грижи за законито работење и трошење на финансиските средства на Агенцијата,
- донесува поединечни акти за вработените од областа на работните односи и
- одлучува и за други прашања утврдени со овој закон и со статутот на Агенцијата.

Директорот на Агенцијата е должен секои шест месеци да доставува извештај за работата до Владата на Република Северна Македонија и до Управниот одбор на Агенцијата.

**Овластување за вршење на работи**

Член 22

Директорот на Агенцијата може да овласти вработен во Агенцијата да потпишува акти, да решава за определени прашања и да врши други работи од надлежност на Агенцијата, освен за акти и работи кои во согласност со закон се во исклучива надлежност на директорот.

Директорот на Агенцијата може во секое време да го одземе даденото овластување од ставот 1 на овој член.

Даденото овластување од ставот 1 на овој член не го спречува директорот да ги врши работите.

**Утврдување на внатрешна организација**

Член 23

Внатрешната организација на Агенцијата се утврдува во согласност со нејзиниот делокруг на работа, утврден со овој закон.

**Статут на Агенцијата**

Член 24

Агенцијата има Статут, со кој особено се уредуваат:
- работите од надлежностите на Агенцијата и начинот на нивното извршување,
- надлежностите на Управниот одбор и на директорот,
- начинот на избор и разрешување на членовите на Управниот одбор,
- меѓународната соработка на Агенцијата и
- други прашања од значење за работењето на Агенцијата.

## IV. ОДНОСИ НА АГЕНЦИЈАТА СО ДРУГИ ОРГАНИ

**Известување на Агенцијата за привремено одземен имот и привремено одземени предмети**

Член 25

По донесената одлука на судот или на друг орган за привремено одземање на имот или привремено одземање на предмети судот или друг орган веднаш, а најдоцна во рок од три дена, ја известуваат Агенцијата.

Привремено одземениот имот и привремено одземените предмети од ставот 1 на овој член се предаваат во Агенцијата веднаш, а најдоцна во рок од три дена од денот на одземањето, а Агенцијата истите ги прима, освен во случаите кога не постојат услови за нивно примање и чување.

При преземањето на привремено одземениот имот и привремено одземените предмети од ставот 1 на овој член се составува записник, кој содржи податоци за видот, количината, состојбата во која се прима, лицето од кое е одземен, како и процена на вредноста утврдена од овластен проценител и сите други релевантни податоци за одземениот имот.

Агенцијата може повторно да изготви процена на вредноста на привремено одземениот имот во случаите кога настапила очигледна и значителна промена на вредноста на имотот. Направената процена Агенцијата ја доставува до органот што ја води постапата непосредно по направената процена.

Управниот одбор со подзаконски акт го пропишува образецот на записникот од ставот 3 на овој член.

**Известување на Агенцијата за конфискуваниот имот и имотна корист и одземените предмети**

Член 26

По донесената правосилна одлука на судот или на друг орган со која се конфискува имот и имотна корист како принос од казнено дело или се одземаат предмети судот, односно надлежниот орган, задолжително веднаш, а најдоцна во рок од три дена, ја известува Агенцијата и веднаш и ги предава одземените предмети или конфискуваниот имот и имотна корист, доколку претходно веќе не се предадени во Агенцијата.

**Извршување на одлука на суд или на друг орган за привремено одземање на имот и привремено одземање предмети или конфискација на имоти имотна корист и одземање предмети**

Член 27

Одлуката за привремено одземање на имот и привремено одземање на предмети, односно одлуката за конфискација на имотот и имотната корист како принос од кривично дело и одземањето предмети, ја спроведува Агенцијата, без одлагање веднаш, а најдоцна во рок од три дена по добивањето на одлуката од страна на надлежниот орган.

При приемот на привремено одземениот имот и привремено одземените предмети во Агенцијата се изготвува записник, во кој се наведува состојбата во која се наоѓаат имотот и предметите, како и евентуалните видливи недостатоци.

При преземањето на дејствата од ставот 1 на овој член, Агенцијата може да побара асистенција од Министерството за внатрешни работи.

**Редослед на постапување со предметите**

Член 28

Агенцијата по приемот на одлуките е должна да постапи веднаш и предметите да ги земе во работа по редот како што ги примила.

По исклучок од ставот 1 на овој член, ако природата на предметите бара да се постапи поинаку, Агенцијата е должна предметите да ги земе во работа веднаш пред другите предмети, а за тоа најдоцна во рок од три дена ги известува Владата на Република Северна Македонија и Управниот одбор.

**Процена на вредноста на одземениот имот**

Член 29

По примањето на имотот Агенцијата врши процена на неговата пазарна вредност, без оглед дали веќе судот или другите органи извршиле проценка, при што може да користи услуги на овластени проценители или на Бирото за процена.

**Размена на податоци**

Член 30

Агенцијата задолжително електронски се поврзува со информатичкиот систем на Агенцијата за катастар на недвижности, Централниот регистар на Република Северна Македонија, Централниот депозитар за хартии од вредност и со Кредитното биро и ги користи нивите услуги по електронски пат.

Агенцијата е должна веднаш, а надоцна во рок од 24 часа по приемот на одлуката за привремено одземање на имотот или предметите, односно по приемот на одлуката за конфискација на имотот и одземањето на  предметите, одлуката да ја достави по електронски пат до Агенцијата за катастар на недвижности, Централниот регистар на Република Северна Македонија, Централниот депозитар за хартии од вредност и до Кредитното биро, со цел евидентирање на правата на Агенцијата врз имотот.

Агенцијата веднаш, а најдоцна во рок од 24 часа по приемот на имотот, а пред да донесе одлука за продажба или решение за отстапување или давање под закуп на одземениот имот, е должна да прибави податоци за одземениот имот од Агенцијата за катастар, Централниот регистар на Република Северна Македонија, Централниот депозитар за хартии од вредност и до Кредитното биро, за да утврди дали одземениот имот е на каков било начин оптоварен.

Агенцијата е должна веднаш, а најдоцна во рок од 24 часа по донесувањето на решението за извршување на правосилните одлуки за одземање на имот, продажба, отстапување, закуп и друг правен акт за управување и користење на одземената недвижност, истиот да го достави по електронски пат до Агенцијата за катастар на недвижности, Централниот регистар на Република Северна Македонија, Централниот депозитар за хартии од вредност и до Кредитното биро.

За начинот на размена на податоците меѓу Агенцијата и Агенцијата за катастар на недвижности Централниот регистар на Република Северна Македонија, Централниот депозитар за хартии од вредност и Кредитното биро, се склучува меморандум за соработка.

Агенцијата при размената на податоци соработува и со други државни органи и институции кои водат службени регистри кои се однесуваат на конфискуваниот имот.

Агенцијата при размена на електронски документи и податоци ја користи Националната платформа за интероперабилност.

**Постапување со имот над кој е засновано заложно право**

Член 31

Доколку е конфискуван имот врз кој е засновано заложно право за кое не е одлучено со правосилната пресуда, тогаш за потребите на наплатата од вредноста на заложениот имот, Агенцијата го известува доверителот дека побарувањето обезбедено со заложно право врз имотот се смета за стасано со правосилноста на одлуката за конфискација на имотот или одземање на предметите.

Доверителот во рок од 60 дена од денот на приемот на известувањето од ставот 1 на овој член е должен да ја извести Агенцијата дека ја започнал постапката за реализацијата на заложното право.

Доколку доверителот во рок од 60 дена од денот на приемот на известувањето од ставот 1 на овој член не преземе дејства за реализација на заложното право, ќе се смета дека доверителот се откажал од правото на наплата, а Агенцијата ќе достави барање за бришење на заложното право до Агенцијата за катастар на недвижности.

Агенцијата за катастар на недвижности е должна веднаш да постапи по барањето од ставот 3 на овој член и да изврши бришење на заложното право.

Агенцијата во случаите од ставовите 3 и 4 на овој член продолжува да ја спроведува продажбата согласно со овој закон.

За сите останати прашања кои не се уредени со овој закон се применуваат одредбите од Законот за сопственост и други стварни права и Законот за договорен залог.

**Постапување со имот што е дел од стечајна маса**

Член 32

Агенцијата следи дали над лицето од кое е конфискуван имотот и имотна корист е отворена стечајна постапка.

Во случаите кога имотот е дел од стечајна маса, Република Северна Македонија има излачно право над имотот, утврден со одлуката за привремено одземање на имотот или предметите, односно одлуката за конфискација на имотот или одземање на предметите.

Агенцијата во случаите од ставот 2 на овој член е должна веднаш, а најдоцна во рок од три дена да го извести Државното правобранителство на Република Северна Македонија дека е отворена стечајна постапка, со цел да ги преземе потребните дејства и мерки за заштита на излачното право во стечајната постапка.

За сите останати прашања кои не се уредени со овој закон, се применуваат одредбите од Законот за стечај (Законот за инсолвентност).

**Водење на електронски регистар за одземениот имот**

Член 33

За привремено одземениот имот и привремено одземените предмети, како и за конфискуваниот имот и одземените предмети, Агенцијата води електронски регистар во кој се наведуваат органот и основата за одземање или конфискација, проценетата вредност, место и начин на чување, опис на имотот, начин на управување и располагање.

Управниот одбор на Агенцијата со подзаконски акт ги уредува содржината, начинот на водењето, пристапот и користењето на податоците од регистарот од ставот 1 на овој член.

V. ПОСТАПУВАЊЕ СО ОДЗЕМЕНИОТ ИМОТ

А) Постапување на Агенцијата со привремено одземен имот и привремено одземени предмети

**Начела на постапување и чување на привремено одземениот имот и привремено одземените предмети**

Член 34

Со привремено одземениот имот или привремено одземените предмети Агенцијата постапува согласно со начелото на итност, ефикасност и начелата на добар домаќин и добар стопанственик.

Агенцијата ги презема сите неопходни мерки за чување и одржување на привремено одземениот имот и одземените предмети, а трошоците за чување и одржување се на товар на Агенцијата.

По исклучок од ставовите 1 и 2 на овој член, во случаите кога Агенцијата не располага со специфични знаења и вештини за процена на конкретен имот, негово продавање или со начинот на управување на тој имот, Агенцијата може да побара определени дејства, да бидат спроведени од други специјализирани правни или физички лица кои располагаат со соодветните знаења, вештини, лиценци и/или сертификати, доколку со посебен закон е уредено дека постапувањето со таквиот имот е поврзано со вештини и знаења кои се докажуваат со посебни сертификати или лиценци.

Лицата од ставот 3 на овој член, со привремено одземениот имот или привремено одземените предмети управуваат во име и за сметка на Агенцијата, а за преземните дејствија Агенцијата им исплаќа соодветен надомест во висина на реалните трошоци за управување, како и награда на месечно ниво во висина од 20% од просечна плата во Република Северна Македонија за претходната година, објавена од Државниот завод за статистика.

Привремено одземениот имот или привремено одземените предмети што се состојат во пари, веднаш по приемот, а најдоцна во рок од три дена, се уплатуваат на посебна трезорска сметка на Агенцијата.

Во оправдани случаи, кога постои реална опасност за намалување на вредноста на одземениот имот, имотот може да биде и осигуран, за што одлука носи Управниот одбор по предлог на директорот на Агенцијата.

Управниот одбор на Агенцијата со правилник ги утврдува поблиските услови за начинот на избор на лицата од ставот 3 на овој член, како и услови и критериуми за начинот на избор на осигурителна компанија и имотот што е предмет на осигурување од ставот 5 на овој член.

**Продажба или отстапување на привремено одземен имот или привремено одземени предмети**

Член 35

Привремено одземениот имот или привремено одземените предмети не може да бидат предмет на продажба, освен во случаите кога управувањето со таквиот имот е сврзано со поголеми трошоци или трошоците за одржување ја надминуваат вредноста на имотот или предметите или во случаите кога лицето од кое е одземен недвижниот имот дал писмена согласност за продажба, а со цел зачувување на вредноста на недвижниот имот.

Агенцијата со добиена претходна согласност на судот кој ја донел одлуката за привремено одземање во кривична постапка, или со добиена согласност од сопственикот на привремено одземениот имот или привремено одземените предмети, ќе донесе одлука за продажба на привремено одземениот имот или привремено одземените предмети во кривична постапка, доколку процени дека со чувањето се намалува нивната вредност или трошоците за нивно чување се несразмерно големи. Барањето за претходна согласност за продажба и отстапување, Агенцијата го доставува до судот кој донел одлука за привремено одземање имот и привремено одземање предмети во кривична постапка во рок од десет дена од денот на известувањето за привремено одземениот имот или привремено одземените предмети во кривична постапка.

Согласноста за продажба на привремено одземениот имот или привремено одземените предмети во кривична постапка судот ќе ја донесе во рок од 15 дена од денот на поднесувањето на барањето од страна на Агенцијата.

Агенцијата по примените известување од судот или од органот кој донел одлука за привремено одземениот имот или привремено одземените предмети во прекршочна постапка ќе донесе одлука за продажба на привремено одземениот имот или привремено одземените предмети во прекршочна постапка доколку процени дека со чувањето на имотот или предметите се намалува нивната вредност или трошоците за нивно чување се несразмерно големи. Одлуката за продажба на привремено одземениот имот и привремено одземените предмети во прекршочна постапка Агенцијата ја донесува во рок од 15 дена од денот на известувањето за привремено одземениот подвижен имот во прекршочна постапка.

Во случајот од ставовите 2 и 4 на овој член, Агенцијата во рок од десет дена обезбедува процена на вредноста на привремено одземениот имот и привремено одземените предмети од страна на овластен проценител или од Бирото за процена.

Агенцијата ги известува Судскиот совет на Република Северна Македонија и претседателот на судот заради покренување на постапка за утврдување одговорност за судија за непостапување по однос на барањето за согласност за продажба, согласно со ставот 3 на овој член.

Постапката за продажба на привремено одземениот имот и привремено одземените предмети се спроведува според одредбите од членовите 40 до 53 од овој закон.

Во случаите кога имотот од ставот 1 на овој член не може да се продаде ниту по третиот обид, истиот може да се отстапи во согласност со одредбите од членовите 54 и 56 од овој закон.

**Постапување со привремено одземени предмети како храна, облека, обувки и безалокохолни пијалаци**

Член 36

Агенцијата со добиена претходна согласност на судот кој ја донел одлуката за привремено одземање, ќе донесе одлука привремено одземените предмети како храна, облека, обувки и безалкохолни пијалоци да ги отстапи без надоместок на државни органи, јавни установи основани од државата, здруженија и фондации, регистрирани согласно со закон. За ваквата одлука Агенцијата ја известува Владата на Република Северна Македонија.

За постапката за добивање на согласноста за отстапување од страна на судот, како и за постапката проценката на вредноста на остапените привремено одземени предмети се применуваат одредбите од членот 35 од овој закон.

Пред отстапувањето на привремено одземените предмети од ставот 1 на овој член, Агенцијата обезбедува и мислење од Агенцијата за храна и ветеринарство дали предметите ги исполнуваат здравствените, ветеринарните, фитосанитарните и безбедносните услови. Доколку мислењето е негативно, со привремено одземените предмети кои не се подложни на расипливост се постапува согласно со членот 34 од овој закон, а во спротивно предметите се уништуваат согласно со членот 72 од овој закон.

Во зависност од природата на предметите, постапката е итна, а Агенцијата за храна и ветеринарство е должна да го достави своето мислење до Агенцијата најдолго во рок од три дена од денот на приемот на барањето.

Управниот одбор со подзаконски акт го пропишува начинот на отстапување на привремено одземените предмети на државни органи, јавни установи основани од државата, здруженија и фондации.

**Постапување со привремено одземена жива стока, саден и семенски материјал, земјоделски и раноградинарски производи и производи за заштита на растенијата**

Член 37

За привремено одземени предмети како жива стока, саден и семенски материјал, земјоделски и раноградинарски култури, производи за заштита на растенија и други слични предмети за кои трошоците за чување се несразмерно големи и Агенцијата нема услови да ги чува поради специфичност на одземените предмети, Агенцијата веднаш по известувањето за привремено одземање на вакви предмети:

- ги отстапува на чување на државен орган или на правно лице кое поседува соодветни услови за чување (ветеринарна станица, земјоделски-трговски друштва и слично) и
- обезбедува мислење со задолжителен наод од Агенцијата за храна и ветеринарство на Република Северна Македонија за продавање или за уништување на предметите.

По добиеното мислење од Агенцијата за храна и ветеринарство на Република Северна Македонија, Агенцијата постапува по насоките од наодот од ставот 1 алинеја 2 на овој член, а согласно со одредбите од овој закон.

**Уплата на средствата од продажба и отстапување на привремено одземен имот или привремено одземени предмети**

Член 38

Средствата добиени од продажбата на привремено одземениот имот или привремено одземените предмети, согласно со членот 35 од овој закон, се уплатуваат на посебна приходна шифра од депозитната сметка на Агенцијата

Доколку биде донесена правосилна одлука за враќање на имотот или предметот кој е продаден, Агенцијата на сопственикот му ги исплаќа средствата добиени од продажбата, коешто се депонирани и чувани на посебна приходна шифра од депозитната сметка на Агенцијата од ставот 1 на овој член.

Доколку биде донесена правосилна одлука за враќање на отстапен привремено одземен имот или привремено одземени предмети согласно со членовите 35, 36 и 37 од овој закон, Агенцијата на сопственикот му ги враќа отстапените предмети или доколку тоа не е можно, поради природата на привремено одземениот имот или привремено одземените предмети му ги исплаќа средствата во висина утврдена со направената процена согласно со членот 35 став 5 од овој закон од Буџетот на Република Севрна Македонија.

Б) Постапување на Агенцијата со одземени предмети и конфискуван имот

**Начин на постапување со одземени предмети и конфискуван имот**

Член 39

Со одземените предмети и конфискуваниот имот со правосилна одлука управува Агенцијата. Одземените предмети и конфискуваниот имот со правосилна одлука Агенцијата ги продава, ги отстапува на други органи без надоместок, ги дава во закуп или ги уништува.

**Продажба на одземени предмети и конфискуван имот**

Член 40

Агенцијата ги продава одземените предмети и конфискуваниот имот со правосилна одлука по правосилноста на одлуката.

Агенцијата предметите од ставот 1 на овој член може да одлучи да не ги продаде и истите да ги остапи, по претходно добиена согласност од Владата на Република Северна Македонија, доколку станува збор за специфичен имот од поголема вредност или постојат оправдани економски или социјални интереси за отстапување на овие предмети.

Во случаите од ставот 2 на овој член, Агенцијата се обраќа со барање за согласност од Владата на Република Северна Македонија, која е должна да даде согласност во рок од 30 дена од денот на приемот на барањето. Доколку Владата не даде согласност во определениот рок, Агенцијата ја спроведува постапката за отстапување на одземените предмети и конфискуван имот, согласно со членот 54 од овој закон.

**Редослед на постапување**

Член 41

Агенцијата пристапува кон продажба на одземените предмети и конфискуван имот според редоследот на доставување на правосилните одлуки во Агенцијата. Во овие случаи директорот на Агенцијата е должен да изготви предлог за продажба веднаш по приемот на правосилната одлука за одземање на предметите или конфискација на имотот.

Во случај на отстапување од овој редослед, Агенцијата е должна да побара согласност од Управниот одбор, образложувајќи ги причините за таквото отстапување, како и да ја извести Владата на Република Северна Македонија.

Агенцијата барањето за согласност и известувањето од ставот 2 на овој член, ги доставува веднаш по нивното донесување, односно пред преземањето на активностите за продажба.

Доколку Управниот одбор на Агенцијата не даде согласност по барањето од ставот 2 на овој член во рок од 15 дена, тогаш директорот на Агенцијата е должен да го почитува редоследот на постапување согласно со ставот 1 на овој член.

**Одлука за продажба на одземените предмети и конфискуван имот**

Член 42

Одлука за продажба на одземени предмети и конфискуван имот кој се состои од движни ствари донесува Управниот одбор на Агенцијата, на предлог на директорот.

Одлука за продажба на одземени предмети и конфискуван имот кој се состои од недвижни ствари донесува Владата на Република Северна Македонија.

**Начин на продажба на одземени предмети и конфискуван имот**

Член 43

Продажбата на одземените предмети и конфискуваниот имот се врши со јавно наддавање по електронски пат.

Јавното наддавање по електронски пат за продажба го спроведува комисија, формирана од директорот на Агенцијата.

**Почеток на продажба на одземени предмети и конфискуван имот**

Член 44

Агенцијата врз основа на одлуките од членот 42 од овој закон донесува заклучок за продажба на недвижниот имот, со кој се определуваат начинот и условите на продажбата, како и времето и местото на продажбата.

Заклучокот за продажба на недвижните ствари Агенцијата го објавува во „Службен весник на Република Северна Македонија“, во најмалку два дневни весника, од кои еден кој се издава на јазикот што го зборуваат најмалку 20 % од граѓаните кои зборуваат службен јазик различен од македонскиот јазик и на веб-страницата на Агенцијата.

Продажбата се спроведува во рок од 15 до 30 дена од објавувањето на заклучокот за продажба во средствата за јавно информирање.

Продажбата на одземените предмети и конфискуван имот, што се состојат од движни ствари, се објавува најмалку седум дена пред одржувањето на јавното наддавање најмалку во два дневни весника, од кои еден кој се издава на јазикот што го зборуваат најмалку 20% од граѓаните кои зборуваат службен јазик различен од македонскиот јазик, како и на веб-страницата на Агенцијата каде што ќе се презентира и листа со детален опис на предметите што се продаваат.

**Полагање гаранција како предуслов за учество во јавното наддавање по електронски пат**

Член 45

Во јавното наддавање можат да учествуваат само лица кои претходно положиле гаранција (депозит).

Гаранцијата изнесува една десетина од утврдената вредност на имотот кој е предмет на продажбата.

На понудувачите чија понуда не е прифатена, гаранцијата им се враќа веднаш по заклучувањето на јавното наддавање.

**Дополнителни услови за продажба на одземени предмети и конфискуван имот што се состојат од недвижна ствар**

Член 46

Условите за продажба, покрај другите податоци, содржат:

1) поблизок опис на недвижноста;

2) лицето во чија корист постои законско или укнижено право на уживање или укнижено право на станување (домување) на конфискуваната недвижност, како и полските и куќните службености;

3) вредноста на недвижноста утврдена согласно со членот 29 од овој закон;

4) цена по која недвижноста може да се продаде;

5) рок во кој купувачот е должен да ја положи цената;

6) начин на продажба;

7) износ на гаранција и

8) клаузула дека данокот за промет го плаќа купувачот.

**Постапка за спроведување на јавно наддавање за продажба на одземени предмети и конфискуван имот и продажба**

Член 47

Продажбата на недвижната ствар се врши со јавно наддавање по електронски пат.

Комисијата за продажба откако ќе утврди дека се исполнети условите за одржување на јавното наддавање по електронски пат, ја следи и ја спроведува постапката за јавно наддавање.

На првото јавно наддавање одземените предмети и конфискуваниот имот не може да се продадат под утврдената вредност согласно со членот 29 од овој закон.

Јавното наддавање се заклучува по истекот на три минути непосредно по истакнувањето на најповолната понуда.

По заклученото јавно наддавање претседателот на Комисијата констатира кој понудувач понудил најдобра цена и дека на тој понудувач му се продава одземениот имот од ставот 2 на овој член.

**Прогласување на продажбата за неуспешна**

Член 48

Јавното наддавање се смета за неуспешно доколку на јавното наддавање по електронски пат не се пријавил ниту еден понудувач.

Доколку настапат случаите од ставот 1 на овој член, односно доколку одземените предмети и конфискуваниот имот не може да се продадат на првото јавно наддавање, Агенцијата ќе закаже второ јавно наддавање со почетна цена на одземениот имот намалена за една четвртина од проценетата вредност.

Доколку одземените предмети и конфискуваниот имот не може да се продадат и на второто јавно надавање согласно со ставот 2 на овој член, Агенцијата ќе закаже трето јавно наддавање со почетна цена на одземените предмети и конфискуваниот имот намалена за една четвртина од проценетата вредност. Од второто до третото јавно наддавање мора да поминат најмалку 15 дена, но не повеќе од 30 дена.

Доколку одземените предмети и конфискуваниот имот не може да се продадат ниту на третото јавно наддавање, постапката за продажба може да се повтори по претходно донесена одлука од Управниот одбор, најдоцна во рок од шест месеци од денот на неуспешното трето јавно наддавање. Повторената постапка се спроведува согласно со одредбите за продажба на одземени предмети и конфискуван имот од овој закон.

Доколку одземените предмети и конфискуваниот имот не може да се продадат, тогаш одземените предмети и конфискуваниот имот се отстапуваат, се даваат под закуп или се уништуваат согласно со одредбите од овој закон.

**Дисквалификација на понудувач од јавното наддавање и прогласување на продажбата за неважечка**

Член 49

Доколку при јавното наддавање некој од понудувачите понуди очигледно несразмерно поголема понуда од пазарната вредност на одземените предмети и конфискуваниот имот утврдена во членот 29 од овој закон, а по завршувањето на јавното надавање не ја уплати понудената цена за купените одземени предмети и конфискуваниот имот што се продава по пат на јавно наддавање, во тој случај Комисијата за јавно наддавање има право да донесе решение за дисквалификација на тој понудувач.

Во случаите од ставот 1 на овој член, Комисијата констатира дека не станува збор за неуспешно јавно наддавање, во смисла на членот 48 од овој закон.

Во случаите кога ќе настапат условите од ставот 1 на овој член, Агенцијата ќе ја прогласи продажбата како неважечка и ќе определи нова продажба и закажува ново јавно наддавање во рок од 15 дена, но не подоцна од 30 дена, сметано од денот на последното јавно наддавање, а положената гаранција не се враќа.

**Полагање на цената, заклучок за продажба на одземените предмети и конфискуваниот имот**

Член 50

За продажба на одземените предмети и конфискуваниот имот Комисијата изготвува записник и донесува заклучок за продажба.

Агенцијата ќе донесе заклучок за продажба на одземените предмети и конфискуваниот имот, откако ќе утврди дека се исполнети условите за полноважност на продажбата.

Рокот во кој купувачот на одземените предмети и конфискуваниот имот е должен да ја положи цената не може да биде подолг од 15 дена од денот на продажбата.

Доколку не постои дисквалификација на учесник во наддавањето, во смисла на членот 49 од овој закон, а купувачот во рокот предвиден во ставот 1 од овој член не ја положи цената, Агенцијата со заклучок за продажба може да одлучи одземените предмети и конфискуваниот имот да му ги додели на второрангираниот понудувач по цената која што ја понудил. Доколку и второрангираниот понудувач не ја положи цената во рокот од ставот 1 од овој член, тогаш Агенцијата ќе ја огласи продажбата како неважечка и ќе определи нова продажба.

Положената гаранција не се враќа.

По уплатата на цената на одземените предмети и конфискуваниот имот, Агенцијата во рок од три дена донесува решение за извршената продажба и за стекнување на право на сопственост.

Решението за продажба на одземените предмети и конфискуваниот имот од ставот (6) на овој член се доставува до надлежнот суд, Јавното обивнителство и до сите лица кои се учесници во продажбата, до купувачот и до сите учесници во наддавањето во рок од осум дена од донесувањето.

Решението за продажба на одземените предмети и конфискуваниот имот што се состојат од недвижна ствар се доставува и до Катастарот на недвижности во рок од осум дена од донесувањето.

Против решението од ставот 6 на овој член може да се поведе управен спор пред Управниот суд.

**Преземање во владение на одземените предмети и конфискуван имот што се состојат од движна ствар по спроведената постапка за јавно наддавање**

Член 51

Купувачот е должен да ги преземе движните ствари во најкраток рок, но не подолго од осум дена по уплатата.

**Продажба на одземени предмети и конфискуван имот што се во странство**

Член 52

Доколку одземените предмети или конфискуваниот имот се во странство, тогаш продажбата се врши преку заемна меѓународна правна помош за продажба со месно и стварно надлежната институција во државата во која овие предмети и имот се наоѓаат.

Заемната меѓународна правна помош се одвива според одредбите од посебниот закон.

Директорот на Агенцијата е овластен да потпишува договори за заемна соработка со надлежните институции за управување со одземен и конфискуван имот во странство, со што би се олеснила постапкта во случаите кога е потребна продажба на одзмени предмети и конфиксуван имот во странство.

**Продажба на одземени предмети и конфискуван имот што се состојат од недвижна ствар која е во сопственост на повеќе сосопственици**

Член 53

Сосопственикот на недвижната ствар што е предмет на продажба има право на првенствено купување.

Пред започнувањето на постапката за продажба на недвижната ствар со јавно наддавање комисијата од членот 43 од овој закон со подавка преку нотар ќе го понуди идеалниот дел на недвижната ствар кој е предмет на продажба на другите сосопственици на недвижната ствар, по претходно добиена согласност од Владата на Република Северна Македонија.

Доколку сосопствениците се заинтересирани за купување на недвижната ствар од ставот 1 на овој член, продажбата се врши врз основа на непосреден договор, на кој е дадено позитивно мислење од Државното правобранителство на Република Северна Македонија. Доколку сосопствениците не се заинтересирани за купување на недвижната ствар од ставот 1 на овој член, недвижната ствар може да биде предмет на продажба со јавно наддавање согласно со членовите од овој закон.

Доколку понудата е прифатена, носителот на правото на првенствено купување е должен да ја положи цената на недвижната ствар согласно со членот 50 од овој закон.

Кога носителот на правото на првенствено купување не се изјаснил за прифаќање на понудата во рокот од ставот 2 на овој член или изречно ја одбил понудата или не ги уплатил средствата на име цена во рокот од ставот 3 на овој член, недвижната ствар се продава со јавно наддавање согласно со членовите 40 до 53 од овој закон.

**Објава за одземени предмети и конфискуван имот во електронскиот регистар**

Член 54

Доколку одземените предмети и конфискуваниот имот не бидат продадени согласно со членовите од 40 до 53 од овој закон, Агенцијата е должна овие одземени предмети и конфискуван имот да ги објави преку електронскиот регистар веднаш, а најдоцна во рок од седум дена од денот на неуспешната продажба.

По објавата на одземените предмети и конфискуваниот имот преку електронскиот регистар државните органи, фондовите, агенциите, дирекциите, јавните установи и јавни претпријатија, независните регулаторни тела основани од државата, трговските друштва во целосна државна сопственост и други институции основани од државата, единиците на локалната самоуправа, како и на здруженијата и фондациите, во рок од осум дена од објавата ги најавуваат до Агенцијата своите потреби за предметите од ставот 1 на овој член.

Заинтересираните институции од ставот 2 на овој член се должни до Агенцијата да достават образложен предлог со елаборат на намена и остварување на социјално оправдани цели во рок од 15 дена од денот на изјавата на потребите. Доколку во рокот од 15 дена не достават образложен предлог со елаборат на намена и остварување на социјално оправдани цели се смета дека заинтересираните органи и здруженијата и фондациите од ставот 2 на овој член се откажале од предјавените потреби.

Пријавата со доказите за исполнување на условите од ставовите 2 и 3 на овој член во форма на електронски документи можат да се достават преку квалификувана електронска препорачана достава на електронската адреса наведена во објавата, согласно со прописите од областа на електронските документи, електронската идентификација и доверливите услуги.

Предлог за начинот на постапување со одземените предмети, односно за отстапувањето на одземените предмети и конфискуван имот дава директорот на Агенцијата, а по претходно добиена согласност од Управниот одбор на Агенцијата.

Предлогот на директорот е врз основа на начелото на приоритет при отстапувањето на одземените предмети и конфискуваниот имот на заинтересираните институции од ставот 3 на овој член, коишто најавиле интерес со најголемо влијание врз социјалното искористување на конретниот имот.

Управниот одбор со подзаконски акт поблиску ги пропишува условите за начинот и одлуката за распределба и приоритет во отстапувањето на одземените предмети и конфискуван имот.

**Одлука на Владата при отстапување на одземени предмети и конфискуван имот**

Член 55

Агенцијата го доставува предлогот од членот 54 од овој закон во рок од 15 дена од денот на приемот на образложениот предлог со елаборат на заинтересираните институции до Владата на Република Северна Македонија.

Доколку Владата на Република Северна Македонија го одбие предлогот на Агенцијата од членот 54 од овој закон за тоа ја известува Агенцијата, која е должна да продолжи да управува со одземените предмети или конфискуван имот во согласност од одредбите од овој закон.

**Отстапување на одземени подвижни предмети како храна, облека, обувки и безалкохолни пијалаци**

Член 56

Одземените подвижни предмети како храна, облека, обувки и безалкохолни пијалаци Агенцијата може да ги отстапи без надоместок на државни органи, јавни установи основани од државата, здруженијата и фондациите, за што ја известува Владата на Република Северна Македонија.

Пред отстапувањето на одземените предмети од ставот 1 на овој член Агенцијата обезбедува мислење од Агенцијата за храна и ветеринарство дали предметите ги исполнуваат здравствените, ветеринарните, фитосанитарните и безбедносните услови. Доколку мислењето е негативно, односно доколку одземените предмети не ги задоволуваат условите, Агенцијата е должна овие предмети да ги уништи, согласно со постапката уредена во членот 72 од овој закон во рок до 30 дена од приемот на негативното мислење.

Во зависност од природата на предметите, постапката е итна, а Агенцијата за храна и ветеринарство на Република Северна Македонија е должна да го достави своето мислење до Агенцијата најдолго во рок од три дена од денот на приемот на барањето.

Управниот одбор со подзаконски акт го пропишува начинот на отстапување на одземените предмети на државни органи, јавни установи основани од државата, здруженија и фондации.

**Давање во закуп**

Член 57

Одземените предмети или конфискуван имот што се состојат од недвижна ствар може да се дадат и под закуп.

Давањето под закуп на одземените предмети или конфискуван имот што се состојат од недвижна ствар се врши со јавно наддавање по електронски пат.

Висината на вкупната почетна цена на закупнината изнесува 0,5% од проценетата вкупна вредност за месечна закупнина на одземената недвижност.

Во постапката за давање под закуп на одземените недвижности со јавно наддавање соодветно се применуваат одредбите од овој закон кои се однесуваат на продажба на одземени предмети или конфискуван имот што се состојат од недвижна ствар со јавно наддавање.

Средствата од закупот на одземените предмети или конфискуваниот имот се уплаќаат на посебна сметка на Агенцијата согласно со членот 65 од овој закон и истите се наменети за тековно одржување на одземниот имот, како и за финансирање на тековните активности на Агенцијата.

**Субјекти кои не можат да учествуваат во постапките за јавното наддавање**

Член 58

Во постапките за продажба, отстапување или давање под закуп на одземените предмети или конфискуван имот што се состојат во движни и недвижни ствари, како купувачи или закупувачи не можат да се јават вработените во Агенцијата или други лица кои службено учествуваат во постапката за продажба или учествувале во кривичната или прекршочната постапка, како и осуденото или лицето против кое се водела судската или прекршочната постапка.

Во постапките за продажба, отстапување или давање под закуп на одземените предмети или конфискуван имот што се состојат во движни и недвижни ствари, како купувачи или закупувачи не можат да се јават ниту брачниот или вонбрачниот другар или роднина во права линија или до четврти степен во странична линија на вработените во Агенцијата или на други лица кои службено учествуваат во постапката за продажба или учествувале во кривичната или прекршочната постапка, како и брачниот или вонбрачниот другар или роднина во права линија или до четврти степен во странична линија на осуденото или лицето против кое се водела судската или прекршочната постапка.

Во постапките за продажба, отстапување или давање под закуп на одземените предмети или конфискуван имот што се состојат во движни и недвижни ствари, како купувачи не можат да се јават ниту правни лица или одговорни лица во правните лица или бранителот или правниот застапник на правно лице во кое осуденото лице од кое што е конфискуван или одземен имотот се наоѓа како сопственик на најмалку 25% од сите акции или пак се наоѓа на раководна позиција во тоа правно лице.

Лицата од ставовите 1, 2 и 3 на овој член се должни да достават писмена изјава заверена на нотар за исполнување на условите.

**В) Постапување на Агенцијата со конфискувана имотна корист**

**Извршување на правосилни пресуди за конфискување на имотна корист**

Член 59

Агенцијата, по приемот, веднаш ја извршува правосилната пресуда на судот со која е наложена конфискација на имотна корист во кривичната постапка.

Во случаите кога судот определил конфискација на имотна корист што се состои во парични средства еквивалентни со вредноста на имотот што треба да се конфискува, а лицето доброволно не ја платило соодветната вредност во рокот наведен во пресудата,

Агенцијата пристапува кон извршување на истата со барање на податоци за имотот што е во сопственост на лицето или тоа со нив управува. Овие податоци Агенцијата може да ги побара од банките, Агенцијата за катастар на недвижности, Централниот регистар на Република Северна Македонија, Централниот депозитар за хартии од вредност и од други прави лица и државни органи од кои можат да се прибават податоци за сопственоста или правото за управување со имотот.

Доколку Агенцијата пронајде имот што се состои во парични средства во висина пониска од определената имотна корист еквивалентни со вредноста на имотот што се конфискува во правосилната пресуда согласно со ставот 2 на овој член, Агенцијата пронајдените парични средства ги конфискува или доколку воопшто не пронајде имот што се состои во парични средства, задолжително ги известува јавниот обвинител и судот кој ја донел правосилната пресуда.

Доколку во случаите од ставот 2 на овој член Агенцијата не пронајде, односно пронајде друг имот што не се состои во парични средства еквивалентни со вредноста на имотната корист, за тоа задолжително ги известуваат јавниот обвинител и судот кој ја донел правосилната пресуда согласно со Законот за кривичната постапка.

**Г) Постапување на Агенцијата со одземени предмети од историско и културно значење, скапоцени камења и благородни метали, хартии од вредност или удели**

**Постапување со предмети од историско и уметничко значење**

Член 60

Ако привремено се одземени предмети со посебна историска, научна или уметничка вредност, Агенцијата ги предава на чување во соодветна институција надлежна за чување на овој вид предмети.

По правосилноста на одлуката со која се одземаат или конфискуваат предметите од ставот 1 на овој член тие, без надоместок, се отстапуваат на соодветна институција надлежна за чување на овој вид предмети, определена со закон.

**Постапување со одземени скапоцени камења и благородни метали (злато и сребро)**

Член 61

Доколку привремено одземениот имот се состои во скапоцени камења и благородни метали, Агенцијата согласно со записникот од членот 27 од овој закон, ги предава на чување на Народната банка на Република Северна Македонија.

По правосилноста на одлуката со која се одзема или конфискува злато, сребро и скапоцени камења, Агенцијата ги предава на чување согласно со одредбите од овој закон и согласно одредбите од посебниот закон со кој е уредено чувањето на овие предмети, односно ги продава согласно со одредбите од членовите 40 до 53 од овој закон со кои е уредена постапката за продажба на одземени предмети или конфискуван имот што се состојат во движни ствари.

Предметите од ставот 2 на овој член се чуваат во Народната банка на Република Северна Македонија сè до плаќањето на цената од страна на купувачот.

## Постапување со одземени хартии од вредност и електронски пари

Член 62

Во случаите кога привремено е одземен имот што се состои од хартии од вредност, се применуваат одредбите што се однесуваат на продажба на привремено одземен имот и привремено одземени предмети, согласно со членот 35 од овој закон, со цел зачувување на нивната вредност, при што продажбата се врши во согласност со прописите со кои е уреден прометот со хартиите од вредност.

Продажбата и управувањето на одземените предмети или конфискуван имот со правосилна одлука кој се состои од хартиии од вредност се врши согласно со прописите со кои е уреден прометот на хартии од вредност.

Управувањето и располагањето со хартиите од вредност од ставовите 1 и 2 на овој член го вршат банки и овластени финансиски институции согласно со Законот за хартии од вредност.

Во случаите кога привремено е одземен имот што се состои од електронски пари, се применуваат одредбите што се однесуваат на продажба на привремено одземен имот и привремено одземени предмети, согласно со членот 35 од овој закон со цел зачувување на нивната вредност. Управувањето и располагањето на електронските пари се врши согласно со позитивните законски прописи со кои се уредува трговијата со електронските пари.

За продажбата на одземените хартии од вредност Управниот одбор на Агенцијата донесува одлука за продажба на хартиите од вредност, по претходна согласност на Владата на Република Северна Македонија, согласно со членот 42 од овој закон.

Управниот одбор на Агенцијата по пат на јавен повик во постапка уредена согласно со закон ги избира банките и овластените финансиски институции што управуваат и ги продаваат одземените хартии од вредност.

## Продажба на одземен удел

Член 63

По приемот на правосилната одлука за конфискација на удели, Агенцијата на име на Република Северна Македонија ќе го запише уделот во Книгата на удели и во Трговскиот регистар.

Продажба на удели се врши согласно со одредбите за продажба на одзмени предмети или конфискуван имот што се состојат од подвижни ствари согласно со членовите од 40 до 53 од овој закон и со Законот за трговските друштва.

Трајно одземени и конфискувани подвижни предмети во прекршочна и управна постапка и согласно со меѓународна рестриктивна мерка.

Член 64

Одредбите од овој закон што се однесуваат на управување со конфискуваните или одземени предмети во кривична постапка ќе се однесуваат и на трајно одземените и конфискувани подвижни предмети во прекршочна и управна постапка согласно со закон, како и согласно со меѓународна рестриктивна мерка.

Одредбите од ставот 1 на овој член не се применуваат за одземените предмети согласно со Законот за даночната постапка.

**Буџет, средства за работа на Агенцијата и поделба на средствата од продажбата на одземениот имот**

Член 65

Средствата за работа на Агенцијата се обезбедуваат од Буџетот на Република Северна Македонија, како и од процентот на продажбата на одземениот имот.

За потребите за тековно организирање на активностите на Агенцијата, како и за тековно одржување и управување со одземениот имот, Агенцијата задржува 7% од вредноста на остварениот приход од секоја продажба на одземените предмети и конфискуваниот имот од страна на Агенцијата, како и 100% од средствата од закупнина согласно со членот 57 од овој закон.

Средствата се уплаќаат на начин што по спроведената продажба, купувачот е должен 7% од вредноста да уплати на посебна приходна шифра на депозитната сметка на Агенцијата, а останатите 93% е должен да ги уплати на друга пригодна шифра на депозитната сметка од која ќе се изврши трансфер во корист на Буџетот на Република Северна Македонија.

По 2% од вредноста на остварениот приход од секоја продажба на одземените предмети и конфискуваниот имот, од Буџетот на Република Северна Македонија се пренесуваат на Јавното обвинителство на Република Северна Македонија, Министерството за внатрешни работи, Управата за финансиска полиција и на Царинската управа.

VI. ПОСТАПУВАЊЕ СО СТВАРИ НАДВОР ОД ПРОМЕТ

**Постапување со одземен или конфискуван имот што е бесправно изграден (дивоградба)**

Член 66

Во случаите кога со правосилна одлука е одземен или конфискуван недвижен имот кој е бесправно изграден (дивоградба), тогаш Агенцијата по предлог на Управниот одбор врз основа на одлука на Владата на Република Северна Македонија го предава на единицата на локална самоуправа на нејзина натамошна надлежност. Единицата на локална самоуправа е должна да поведе постапка истиот имот да го легализира или да го урне во рок од шест месеци од приемот. Доколку имотот се легализира, единицата на локална самоуправа има право да стопанисува со недвижноста согласно со одлука на Владата на Република Северна Македонија.

Стекнатата недвижност според ставот 1 од овој член не смее да биде предмет на комерцијална продажба од страна на единиците на локална самоуправа, но може да биде отстапена на други органи на власта или на здруженија коишто се регистрирани за давање помош и заштита на социјално ранливите категории на граѓани на Република Северна Македонија.

**Постапување со одземени наркотични дроги, психотропни супстанции и прекурзори**

Член 67

Одземените наркотични дроги, психотропни сустанции и прекурзори до моментот на донесување на одлуката за уништување и уништувањето се предаваат на чување во Агенцијата. Доколку во Агенцијата не постојат услови за чување на наркотичните дроги, психотропни сустанции и прекурзори, тие се чуваат кај надлежен државен орган што ги исполнува пропишаните услови за нивно чување. При предавањето се составува записник.

Одземените наркотични дроги, психитропни супстанции и прекурзори се чуваат во посебна просторија.

Стандардите за безбедност и начинот на чување на одземените наркотични дроги, психотропни сустанции и прекурзори, се уредува со посебен закон.

Владата на Република Северна Македонија со акт може да отстапи примероци од одземените наркотични дроги, психитропни супстанции и прекурзори за научно-истражувачки цели.

Управниот одбор со подзаконски акт го пропишува образецот на записникот од ставот 1 на овој член.

**Отстапување на наркотични дроги, психотропни супстанции и прекурзори за научни истражувања**

Член 68

Заради потребите за едукација и стручно оспособување судот може да донесе одлука примерок од одземените наркотични дроги, психотропни супстанции и прекурзори Агенцијата да отстапи на соодветна институција која врши научни истражувања или врши научно-едукативна или стручно-едукативна дејност, односно тренинг или обука на службени кучиња согласно со закон.

**Уништување на наркотични дроги, психотропни супстанции и прекурзори**

Член 69

По добиената одлука за уништување на одземени наркотични дроги, психотропни супстанции и прекурзори донесена од надлежниот орган или суд, согласно со одредбите од Законот за кривичната постапка, одземените наркотични дроги, психотропни супстанции и прекурзори се уништуваат од комисија за уништување на наркотични дроги, психотропни супстанции и прекурзори, формирана од Управниот одбор.

Комисијата од ставот 1 на овој член е составена од пет члена кои се претставници од судот, Јавното обвинителство, Министерството за правда, Министерството за внатрешни работи и од Агенцијата.

Формирањето и начинот на работата на комисијата се уредува со подзаконски акт, кој го донесува Управниот одбор. За спроведеното уништување членовите на комисијата добиваат надоместок во висина од 20% од просечна исплатена плата, при што во текот на месецот не е дозволено да се спроведат повеќе од една постапка за уништување.

Уништувањето на одземените наркотични дроги, психотропни супстанции и прекурзори се изведува со палење во објект со одобрение за согорување на материи.

За спроведеното уништување комисијата го известува надлежниот орган или суд кој ја донел одлуката за уништување.

**Постапување со одземено оружје, муниција и експлозивен материјал**

Член 70

Оружјето, деловите и компонентите на оружје, муницијата и експлозивниот материјал одземени во кривична или прекршочна постапка, како и пронајденото оружје, деловите и компонентите на оружје, муницијата и експлозивниот материјал за кои не е водена кривична и прекршочна постапка, ниту е познат нивниот сопственик, се предаваат на Агенцијата. При предавањето се составува записник. Доколку Агенцијата нема услови за нивно чување, се чуваат во Министерството за внатрешни работи и во Министерството за одбрана.

Исправното оружје, како и деловите и компонентите на оружје, согласно со закон, со претходна согласност на Владата на Република Северна Македонија, може да биде отстапено без надоместок на судската полиција, Министерството за внатрешни работи, Министертвото за одбрана, Армијата на Република Северна Македонија, Министерство за правда - Управата за извршување на санкциите, Министерството за финансии - Финансиската полиција и на други органи кои со закон имаат право да користат оружје.

Исправното оружје, како и деловите и компонентите на оружје, муниција и експлозивен материјал, согласно со закон можат да се продадат по пат на јавно наддавање во постапка утврдена со овој закон на правни лица што се занимаваат со промет на оружје и муниција и на физички лица кои имаат одобрение за набавување на оружје. Заради потребите за едукација и стручно оспособување судот може да донесе одлука примерок од исправното и деактивирано оружје согласно со закон, неисправното оружје, како и деловите и компонентите на оружје, да биде отстапен на соодветна институција која врши научни истражувања или врши научно-едукативна дејност.

Оружјето, деловите и компонентите на оружје, муницијата и експлозивниот материјал од ставот 1 на овој член се уништува по добиената одлука за уништување донесена од надлежниот орган или суд, согласно со одредбите од Законот за кривичната постапка од страна на комисијата за уништување на одземено оружје, муниција и експлозивен материјал, формирана од Управниот одбор.

Комисијата од ставот 4 на овој член е составена од пет члена кои се претставници од судот, Јавното обвинителство, Министерството за правда, Министерството за внатрешни работи и од Агенцијата.

Формирањето и начинот на работа на комисијата се уредува со подзаконски акт, кој го донесува Управниот одбор. За спроведеното уништување членовите на Комисијата добиваат надоместок во висина од 20% од просечна плата, при што во текот на месецот не е дозволено да се спроведат повеќе од една постапка за уништување.

За спроведеното уништување комисијата го известува надлежниот орган или суд кој ја донел одлуката за уништување.

Стандардите за безбедност и начинот на чување и уништување на оружјето се уредуваат со посебен закон.

Управниот одбор со подзаконски акт го пропишува образецот на записникот од ставот 1 на овој член.

**Уништување на одземен имот**

Член 71

Одземениот друг имот кој не може да се продаде поради здравствени, ветеринарни, фитосанитарни или безбедносни причини, се уништува од страна на комисијата од членот 69 од овој закон.

Одземените тутунски, алкохолни и други производи за кои не постои декларација или доколку се фалсификати, задолжително се уништуваат.

**Постапување со опасни материи**

Член 72

Управувањето со привремено одземениот имот или конфискуваниот имот што се состои од специфични стоки, односно опасни материи, хемикалии и други дефинирани со посебен закон, го вршат правните лица кои согласно со посебен закон поседуваат соодветни дозволи и соодветни лиценци за постапување со ваков вид на предмети.

Агенцијата не е надлежна да постапува и да врши какви било дејства поврзани со управување на овој имот. Агенцијата одлуката на судот или на надлежниот орган ја доставува на правните лица од ставот 1 на овој член.

**Постапка со стари возила**

Член 73

Привремено одземените предмети што се состојат во моторни возила кои се одземени повеќе од 10 години или се во голема мерка уништени и неупотребливи врз основа на проценка согласно со закон, како и врз основа на утврдената вредност согласно со членот 29 од овој закон, како и хаварисани моторни возила постари од 20 години отстапени или предадени на чување на Агенцијата, се продаваат со јавно наддавање согласно со постапката уредена во членовите 40 до 52 од овој закон, без оглед на фактот дека сè уште трае кривичната или прекршочната постапка, односно не е донесена одлука за трајно одземање од страна на надлежниот суд или органот што ја води прекршочната постапка.

Доколку биде донесена правосилна одлука за враќање на отстапен привремено одземен предмет согласно со членот 35 ставови 2 и 4 од овој закон, на сопственикот му се исплаќаат средствата добиени од продажбата на предемтите од ставот 1 на овој член од средствата на Буџетот на Република Северна Македонија.

Одземените предмети и конфискуван имот што се состојат во моторни возила постари од 20 години или се во голема мерка уништени или неупотребливи или немаат никаква документација или не може да се идентификуваат поради хаварисаност, врз основа на проценка согласно со сметководствените стандарди уредени со закон и домашни и меѓународни сметководствени стандарди, како и врз основа на утврдената вредност во членот 29 од овој закон, се продаваат со јавно наддавање согласно со постапката уредена во членовите од 40 до 52 од овој закон.

Глава VII НАДЗОР

Член 74

Надзор над спроведувањето на одредбите од овој закон врши Министерството за правда.

ГЛАВА VIII ПРЕКРШОЧНИ ОДРЕДБИ

Член 75

Глоба во износ од 250 до 500 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршок на Директорот на Агенцијата ако постапи спротивно на членот 35 ставови 2 и 4 од овој закон.

Глоба во износ од 200 до 300 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршок на административниот службеник во органот ако постапи спротивно на членот 35 ставови 2 и 4 од овој закон.

Глоба во износ од 200 до 300 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршок на судскиот службеник во органот ако постапи спротивно на членот 35 ставот 3 од овој закон.

Глоба во износ од 2.000 до 4.000 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршок на правното лице ако постапи спротивно на членот 31 од овој закон.

Член 76

За прекршоците пропишани во овој закон прекршочната постапка ќе води и прекршочна санкција ќе изрече надлежниот суд.

## IX. ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

Член 77

Судскиот совет на Република Северна Македонија, Советот на јавните обвинители на Република Северна Македонија, Државниот правобранител на Република Северна Македонија, во рок од 45 дена од денот на влегувањето во сила на овој закон ги определуваат и именуваат членовите на Управниот одбор од нивните редови, согласно со одредбите од овој закон.

Владата на Република Северна Македонија во рок од 45 дена од денот на влегувањето во сила на овој закон именува членови на Управниот одбор од редот на вработените во Министерството за правда, Министерството за внатрешни работи, Министерството за финансии и во Министерството за финансии - Царинската управа.

Претседателот на постојниот Управен одбор ја закажува седницата за конституирање на Управниот одбор согласно со овој закон во рок од 15 дена од денот на приемот на известувањето за определените и именуваните членови на Управниот одбор од ставовите 2 и 3 на овој член.

На денот на конституирање на Управниот одбор, согласно со одредбите од овој закон, престанува мандатот на претседателот и на членовите на постојниот Управен одбор.

Мандатот на постојниот директор на Агенцијата му престанува со изборот на нов директор, согласно со овој закон.

Член 78

Подзаконските акти чие донесување е предвидено со одредбите на овој закон, ќе се донесат во рок од три месеци од денот на влегувањето во сила на овој закон.

Член 79

Агенцијата е должна да го воспостави електронскиот регистар во рок од една година од денот на влегувањето во сила на овој закон.

Член 80

Одредбите од други закони кои ја регулираат материјата за управување со конфискуван имот, имотна корист и одземени предмети во кривична и прекршочна постапка ќе се усогласат со одредбите од овој закон во рок од шест месеци од влегувањето во сила на овој закон.

Член 81

Постапките за продажба започнати до денот на влегувањето во сила на овој закон ќе се завршат согласно со одредбите од Законот за управување со конфискуван имот, имотна корист и одземени предмети во кривична и прекршочна постапка („Службен весник на Република Македонија“ број 98/2008, 145/10, 104/13, 187/13, 43/14, 160/14, 97/15, 148/2015 и 64/18).

Член 82

Со денот на влегувањето во сила на овој закон престанува да важи Законот за управување со конфискуван имот, имотна корист и одземени предмети во кривична и прекршочна постапка („Службен весник на Република Македонија“ број 98/2008, 145/10, 104/13, 187/13, 43/14, 160/14, 97/15, 148/2015 и 64/18).

Член 83

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.